# ЗЕЛЕН ПРИРАЧНИК



ЗА ВОДИЧОТ
МОДУЛ 1
МОДУЛ 2
МОДУЛ 3
МОДУЛ 4
МОДУЛ 5
МОДУЛ 6
ЗАКЛУЧОК

**Поддршка на мали и средни претпријатија во нивната зелена транзиција**

Co-funded by
the European Union

## ДЕЛ 3
## АЛАТКИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

GREENLEAD

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови се на авторите исклучиво и не мора да ги отсликуваат оние на Европската Унија или Европската агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија, и Агенцијата не сносат одговорност за истите.

cc BY SA

Ова издание е лиценцирано во рамки на Creative Commons 4.0. Тоа значи дека може да се употребува, копира, доставува, изменува и prilagoduva се додека се наведува авторот и и дека е лиценцирано од Creative Commons.

# ЗА ВОДИЧОТ

## Вашата патека до практични алатки и ресурси за зелена транзиција.

Овој водич ги надополнува модулите за учење на ГринЛид (GreenLead) со собирање на внимателно одбрани дигитални алатки, „онлајн“ платформи, практични водичи, видеа и дополнителни извори на учење.

Ресурсите се распоредени според 6-те модули за учење со цел да ги поддржат МСП (малите и средни претпријатија), субјектите за стручно образование и други засегнати страни во понатамошен развој на капацитетите на одрживост.

Сите ресурси се избрани поради нивната важност, веродостојност и практична употребна вредност за да ви помогне во спроведувањето на практики на одржливост, почитување на регулативите и зграпчување нови можности во зелената економија.

## КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ВОДИЧОТ

### МОДУЛИ ЗА УЧЕЊЕ

Шест ГринЛид модули кои опфаќаат главни области од зелената транзиција.

### ПРЕПОРАЧАНИ АЛАТКИ

Откријте дигитални алатки и платформи кои ќе ви помогнат учењето да го примените во пракса.

### ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

Пристап до дополнителни водичи, извештаи, видеа и материјали за учење.

### ПРАКТИЧНО СПРОВЕДУВАЊЕ

Применете го своето знаење за да придонесете кон зелената транзиција во вашата организација.

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ВОДИЧОТ?

### МСП

Практични алатки и ресурси за поддршка во зелената транзиција.

### СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Пристап до материјали за збогатување на обуката и соодветна поддршка во учењето.

### ДРУГИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Истражете ресурси за вклучување, соработка и поттикнување на промена во насока на одржливост.

# МОДУЛ 1

## ОСНОВИ НА ОДРЖЛИВОСТА И РАМКАТА НА ЗЕЛЕНИ ПОЛИТИКИ

**Очекувани придобивки од учењето**

- Разбирање на принципите на одрживиот развој
- Способност да се образложуваат Европскиот зелен договор и Целите на одржлив развој
- Препознавање на клучни закони и прописи од животната средина за МСП
- Примена на приниципите на одржливост во бизнис планирањето

Ова поглавје ги покрива основните концепти на одржливост, Европскиот зелен договор, Целите за одржлив развој на ОН и клучни обврски од животната средина за да помогне во интегрирање на одржливост во секојдневната работа.

**МОДУЛ 1 — 01**

### Основи на одржливоста

Разбирање на основните принципи на одрживиот развој и животната средина, општествени и економски димензии на одржливоста. Дознај како овие основи потикнуваат цврсти бизниси и креирање на нови вредности на долг рок.

**МОДУЛ 1 — 02**

### Целите на одржлив развој на ОН

Научи како 17-те цели на одржлив развој се глобална рамка за одржлив развој и помагаат на организациите да ги прилагодат сопствените стратегии на животната средина, општеството и економијата.

**МОДУЛ 1 — 03**

### Европскиот зелен договор

Откриј ги целите на Европскиот зелен договор и патот до климатска неутралност. Дознај како политиките на ЕУ влијаат врз бизнисите и создаваат нови можности за МСП.

**МОДУЛ 1 — 04**

### Регулатива за животна средина и подобност на МСП

Истражи ги клучните ЕУ директиви за животната средина, правни обврски и потреби за одржливост за МСП. Разбери како исполнувањето на обврските поддржува управување со ризик, конкурентност и одржлив развој.

**Одржливоста создава основа за цврсти бизниси, одговорно лидрство и долготрајна конкурентност.**

# МОДУЛ 1

## ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

ИСТРАЖУВАЊА

**Платформа за одржливо финансирање: Поедноставување на одржливото финансирање за МСП**
Објаснува зошто МСП се важни за европската одржлива транзиција и како поедноставени финансиски пристапи можат да помогнат во тоа.

**Рамковна директива за отпад -** Појаснува како Рамковната директива за отпад ги воспсотавува основните концепти на управувањето со отпад на ЕУ, вклучително и дефинирање што е отпад, рециклирање и возобновување и ја претставува хиерархијата на отпадот. Исто така потенцира дека превенирањето на отпад е поважно, а депонирањето да биде последна опција.

ПРИРАЧНИЦИ

**Глобален договор на ОН – Прирачник за целите на одржливиот развој**
Корисен за оние што сакаат да научат за практичните алатки за секоја цел. Содржи претставување, ресурси и позитивни практики за компании на различни делови од нивниот пат до одржливост.

ВИДЕА

**Европскиот зелен договор: Заложба за идните генерации**
ІЗборува за целите на ЕУ за да стане првиот климатски неутрален континент до 2050 година.

СТРАНИЦИ

**Европскиот зелен договор -** Официјалната страна на Европската комисија која го објаснува Европскиот зелен договор, климатската неутралност до 2050, намалување на емисиите, кружна економија, чиста енергија, финансирање и мерки на правична транзиција. Може да се користи како главна точка за учење и информирање.

**17 цели на одржлив развој на ОН -** претставува глобална рамка за постигнување на економски, општествен и развој на животната средина до 2030. Помагаат на организациите да ги прилагодат нивните стратегии со меѓународно прифатените приоритети на одржливост и придонес кон инклузивна и цврста иднина.

**Разбирањето на политиките на одржливост помага на МСП да ги трансформираат предизвиците во можности за иновација и развој .**

# МОДУЛ 2

## КРУЖНА ЕКОНОМИЈА И ЕФИКАСНО КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИ

**Придобивки од учењето**

- Разбирање на принципите на кружна економија
- Идентификување на можности за ефикасна употреба на ресурси
- Намалување на отпад и унапредување на употребата на материјали
- Примена на практики на кружена економија кај МСПSMEs

Поглавјето ги истражува принципите на кружна економија и одржливи бизнис модели. Презентира практични пристапи кои ќе помогнат МСП да го намалат отпадот, ја подобрат употребата на ресурсите, примена на еко иновации и технологии со мали емисии и создавање на долгорочна бизнис и еколошка вредност. Ќе ги научи МПС и нивните тимови да преминат од линеарно кон кружно работење.

**МОДУЛ 2** — **01**

### Принципи на кружна економија

Откриј како кружната економија го заменува традиционалниот линеарен модел преку задржување на производите, материјалите и ресурсите во употреба колку што е можно подолго додека се минимизира отпадот и влијанието врз животната средина.

**МОДУЛ 2** — **02**

### Зелени бизнис модели

Истражи ги одржливите бизнис модели кои поврзуваат економски успех со еколошка одговорност преку создавање на кружна вредност, ефикасна употреба на ресурси и иновативни бизнис стратегии.

**МОДУЛ 2** — **03**

### Еко иновација и еко дизајн

Научи како еко иновацијата и еко дизајнот им помагаат на организациите во развивањето на одржливи производи, оптимизирање на процеси и интегрирање на животниот циклус во развој на производите и услугите.

**МОДУЛ 2** — **04**

### Технологии на ниски емисии

Разберете како обновливата енергија, енергетски ефикасните технологии и други решенија на ниски емисии ги зајакнуваат МСП во намалување на емисиите, подобрување на конкурентноста и забрзување на зелената транзиција.

**Кружната економија го трансформира отпадот во ресурс додека ги зајакнува бизнис издржливоста и конкурентноста.**

# МОДУЛ 2

## ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ

**ИСТРАЖУВАЊА**

Ова истражување покажува дека само 34 проценти од возрасните рециклираат. Недостатокот од рециклирање на пластика е само еден пример на линеарна економија каде употребата на производи создава отпад, а кружната економија не остава ништо во животната средина и реупотребува материјали и остатоци.

**ПРИРАЧНИЦИ**

Овој прирачник за кружна економија ќе им помогне на МСП да создадат вредност и преку практично искуство да се насочат кон кружна работа. Следете го кодот за да го усовршите вашиот бизнис модел.

**ВИДЕА**

Што значи трансформацијата во кружна економија? Што е линеарна економија и како МСП можат да ја променат својата работа во кружна? Следете го кодот и погледнете го видеото за да се запознаете со концептот и процесот на трансформација.

**СТРАНИЦИ**

Што значи одржливост? Кои чекори треба едно претпријатие да ги преземе за да создаде и спроведе сопствен модел на одржливост? Посетете ја интернет страницата за да го разберете концептот и потрените чекори за исполнување на целта.

**Еко иновацијата и зелените бизнис модели им овозможуваат на МСП да создадат одржлив раст преку паметна употреба на ресурси и почисти технологии.**

# МОДУЛ 3

## ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО И ОДРЖЛИВА ОРГАНИЗАЦИСКА КУЛТУРА

**Придобивки од учењето**

- Разбирање на принципите на одржливо лидерство и управување со промена
- Зајакнување на ангажманот на засегнатите страни и внатрешна одржлива комуникација
- Развивање на автентични пораки за одржливост преку зелен маркетинг и споделување на искуства

Поглавјето ги истражува лидерството, вклучувањето на засегнатите страни и способности за комуникација потребни за поттикнување на трансформација кон одржливост на МСП. Се сосредоточува на одржливо лидрство, управување со прмени, вклучување на вработените и автентични комуникациски стратегии кои ги зајакнуваат организациската култура, соработка и долгорочност во одржливото постапување.

**МОДУЛ 3**

### Одржливо лидерство и Управување со промени

01

Откријте како одржливото лидерство придонесува за организациите поефикасно да управуваат со промени, ги инсприраат своите вработени да изградат цврст бизнис преку вклучувачко лидерство, емоционална интелигенција и долгорочно планирање.

**МОДУЛ 3**

### Вклучување на внатрешните засегнати страни

02

Научи како да се вклучат вработените и внатрешните засегнати страни преку градење доверба, охрабрување на учество и создавање на споделена заложба за одржливи цели.

**МОДУЛ 3**

### Внатрешна комуницкациска стратегија

03

Истражи практични комуникациски стратегии кои ќе ги подобрат соработката, транспарентноста и усогласување со вработените додека се поддржуваа иницијативи за одржливост во организацијата.

**МОДУЛ 3**

### Зелен маркетинг и раскажување за одржливоста

04

Разбери како автентичен зелен маркетинг и споделување на практики за одржливост комуницираат еколошки цели, ја градат довербата кај засегнатите страни и одбегнуваат лажни зелени информации преку транспарентни и веродостојни пораки.

**Одржливото лидрство ги зајакнува луѓето, гради доверба и ги претвара одржливите цели во секојдневна организациска пракса.**

# МОДУЛ 3

## ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ

ИСТРАЖУВАЊА

ПРИРАЧНИЦИ

ВИДЕА

СТРАНИЦИ

**Алатка за мерење на стакленички гасови (GHG) -** Протоколот за стакленички гасови е најупотребуваната рамка за мерење и управување со емисиите во Светот. Им овозможува на организациите да располагаат со стандардизирани методологии и алатки за пресметка за да го измерат нивниот стакленички отпечаток и идентификуваат можности за намалување на емисиите.

**Future-Fit Business Benchmark -** Практична рамка за одржливост која има овозможува на организациите да оценат колку нивните активности се совпаѓаат со целите на одржливост на долг рок. За да не се задржи само на совпаѓање, рамката нуди структуиран сет од индикатори и насоки за да помогнат на бизнисите да детектираат празнини, да постават приоритети и да интегрираат одржливост во нивните стратегија, носење на одлуки и секојдневната работа.

**Платформа за кружна економија (ECESP) -** Платформата на засегнати страни за европска кружна економија (ECESP) е иницијатива на Европската комисија која овозможува пристап до најдобрите практики на кружната економија, студии на случај, интерактивни мапи, политики и бизнис алатки. МСП можат да истражат успешни иницијативи на кружна економија ширум Европа, изнаоѓање на можности за ефикасна употреба на ресурси и намалување на отпад и учење од реални примери кои ќе ја поддржат зелената транзиција.

**Курсера - Разбирање на корпоративната одржливост: Разбирање и зграпчување на стратешка можност -** Овој курс истражува како одржливоста може да се интегрира во бизнис стратегија за да создаде долготрајна вредност, ја зајакне конкурентноста, управува со ризици и го зајакне односот помеѓу засегнатите страни. Покрива клучни теми како одржливо лидерство, ЕСГ(животна средина, општество и управување) практики, вклучување на засегнати страни, иновација и организациска промена за да им помогне на оние што учат да разберат како бизнисите можат предизвиците на одржливоста да ги преведат во стратешки можности. Курсот е бесплатен, овозможува пристап до многу материјали за учење, а за да се добие сертификат се бара претплата на Курсера или еднократно плаќање.

**Ефикасна комуникација и вклучување на засегнатите страни се клучни за создавање на споделена одржлива организациска култура.**

# МОДУЛ 4

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА, ЕСГ ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПОДАТОЦИ

**Придобивки од учењето**

- Разбирање на барањата за ЕСГ известувањето
- Примена на дигитални алатки за управување со одржливост
- Подобрување на процесот на носење одлуки врз основа на податоци
- Надзор на индикаторите за еколошкиот учинок

Ова поглавје дава вовед во дигитални алатки и практични ресурси во насока на ЕСГ(животна средина, општество и управување) известување, следење на учинокот во одржливоста и носење одлуки врз основа на податоци. Одбраните материјали ќе им помогнат на МСП да употребуваат дигитални алатки за да ја подобрат транспарентноста, да вршат надзор над индикаторите за еколошки учинок и исполнување на условите за известување во однос на развојот.

### МОДУЛ 4 — 01: Оценка на животен циклус (LCA)

Разбирање како LCA приудонесува организациите да го измерат влијанието на нивните производи и услуги врз животната средина преку целосниот животен циклус. Истржување на практични алатки за оценка на јаглеродниот отпечаток и одрживо носење на одлуки.

### МОДУЛ 4 — 02: ЕСГ известување и индикатори за одржливост

Научи за основите на ЕСГ известувањето, вклучително и CSRD, ESRS и GRI рамки. Откриј како индикаторите на одржливоста поттикнуваат транспарентност, усогласување и постојано бизнис подобрување.

### МОДУЛ 4 — 03: Носење на одлуки врз основа на податоци

Истражи како дигиталните технологии, податоци за одржливост и бизнис аналитика можат да го поддржат носењето на одлуки врз основа на докази, подобрување на учинокот на оперирање и зајакнување на организациската цврстина.

### МОДУЛ 4 — 04: Дигитални алатки за одржливи бизниси

Откриј практични дигитални решенија, вклучително и LCA механизам, јаглероден отпечаток, калкулатори, платформи за ЕСГ известување и контролни табли за одржливост кои ќе им помогнат на МСП да спроведат и ја надгледуваат својата зелена транзиција.

**Дигиталните технологии и ЕСГ известувањето овозможуваат на МСП да преземат одлуки засновани на веродостојни информации, унапредување на транспарентноста и забрзување на нивната транзиција кон одржливост.**

# МОДУЛ 4

## ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ

ИСТРАЖУВАЊА

ПРИРАЧНИЦИ

ВИДЕА

СТРАНИЦИ

**EFRAG -** ги развива Европските стандарди за одржливост (ЕСРС) и обезбедува насоки за организациите во спроведување на Директивата за одржливо корпоративно известувањеve (CSRD).

**ISSB -** развива светски прифатени стандарди за да им помогнат на организациите да обезбедат постојани, транспарентни и споредливи информации поврзани со ESG.

**GRI -** ги обезбедува светски најпроширените стандарди за одржливо известување овозможувајќи им на организациите да следат, управуваат и ги комуницираат нивните еколошки, општествени и управувачки влијанија.

**Google Data Studio** (Looker Studio) - е бесплатна бизнис база и платформа за визуелизација на податоци која им овозможува на организациите да создаваат интерактивни табли, да ги следат индикаторите за одржливост и трансформација на сложени бази на податоци во јасни и употребливи насоки.

**Оценувач на емисите на бизнисите (Business Emissions Evaluator) (BEE) -** бесплатна алатка за проценка на јаглеродниот отпечаток која е воспоставена од Проектот Change Climate. МСП можат да ги проценат емисиите од моментот на производство па се до пристигнување на производот до потрошувачот преку користење високо рангирани финансиски податоци.

**Разговор за ЕУ кластерите: "Услови за одржливост и известување: Подршка за кластерите на МСП„“ -** Научи како поддршка во кластерите на МСП во исполнување на условите за одржливост преку претставување на добри практики во забрзување на зелената транзиција.

**Водич за МСП за работа заснована на податоци -** Откриј како МСП можат да носат одлуки засновани на податоци за да ја подобрат ефикасноста во одржливост и бизнис учинокот.

**КЛИМАТСКИ ХАБ ЗА МСП -** бесплатна „онлајн“ платформа која им поамга на мали и средни претпријатија за мерат, намалат и известуваат за емисиите на стакленички гасови додека ја зајакнуваат својата транзиција кон неутралност.

**Дигитална трансформација на МСП -** дознај како дигиталните технологии ја подобруваат конкурентноста, иновативноста и одржливиот развој на МСП додека ги адресираат предизвиците на дигиталната трансформација.

**Носење на одлуки врз основа на податоци им помага на организациите да ги оптимизираат процесите, надзор над учинокот на одржливоста и создавање на мерлива претприемничка вредност.**

# МОДУЛ 5

## ЗЕЛЕНИ ФИНАНСИИ И ОДРЖЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

**Придобивки од учењето**

- Разбирање на принципите на одрживо финансирање
- Идентификување на „зелени“ можности за финансирање
- Проценка на можности за одрживи инвестиции
- Поддршка на остварливи „зелени“ проекти

Ова поглавје ги претставува приницsmåипите на зелено финансирање и стратешка трансформација на МСП Појаснува како организациите да дојдат до одрживо финансирање, проценката на исплатливоста на инвестициите и развој на напредни стратегии кои поддржуваат долгорочна одржливост, цврстина и бизнис конкурентност.

**МОДУЛ 5 — 01**

### Зелени финансии и враќање на инвестицијата

Научи ги основите на зеленото финансирање, инструменти и методи на одрживо инвестирање за проценка финински, еколошки и општествен поврат на инвестицијата на одрживи проекти.

**МОДУЛ 5 — 02**

### Можности за финансирање

Истражи ги европските, национални и регионални можности за финансирање, разбери ги условите за подобност и научи како да подготвиш конкурентни предлог-проекти во согласност со приоритетите на одржливоста.

**МОДУЛ 5 — 03**

### Прогноза и стратешко планирање

Откриј техники на предвидување и алатки за стратешко планирање кои помагаат на организациите да ги пресретнат идните трендови, управуваат со ризици и изградат ефикасни стратегии за спроведување на одржливоста

**МОДУЛ 5 — 04**

### Создавање на стратегии за бизнис одржливост

Научи како да интегрираш финансирање, прогноза, индикатори и управување со ризици во практични мапи на одржливост кои поддржуваат долгорочна организациска трансформација и издржливост.

**Зеленото финансирање им овозможува на организациите да ги трансформираат амбициите за одржливост во практични инвестиции кои создаваат еколошка, општествена и економска вредност.**

# МОДУЛ 5

## ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ

ИСТРАЖУВАЊА

**Европска комисија**
**ЕУ таксономија за одржливи акции**
Овој извештај објаснува кои економски активности се сметаат за еколошки одржливи во ЕУ. Им помага на МСП да ги прилагодат нивните зелени инвестиции со критериумите за одржливост на ЕУ.

ПРИРАЧНИЦИ

**МСП климатски хаб, алатки за МСП**
Практичен прирачник кој обезбедува насоки, примери и ресурси за МСП да можат да мерат емисии, да поставуваат климатски цели и спроведат акции на одржливост.

ВИДЕА

**Што е зелено финансирање?**
Ова воведно видео ги објаснува основите на зелените финансии, вклучувајќи одржлива инвестиција, зелени финансиски инструменти и придобивки од финансиско еколошки одржливи проекти. Дава јасни примери како организациите можат да ги подобрат еколошкиот учинок и долгорочната бизнис конкурентност преку одржливо финансирање.

СТРАНИЦИ

**Европска комисија, одржливо финансирање**
Порталот за одржливи финансии на Европската комисија нуди најнови информации од ЕУ политики, закони и иницијативи за финансирање кои поддржуваат зелена транзиција. Нуди и насочување за одржливи инвестиции, услови за известување и можности за финансирање достапни за бизнисите, особено за МСП.

**Успешните стратегии за одржливост содржат ефикасно финансирање, напредно планирање и постојан надзор над учинокот.**

# МОДУЛ 6

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТ ВО БИЗНИСОТ

**Придобивки од учењето**

- Примена на одржливост во секојдневните бизнис активности
- Развој на практични планови за спроведување
- Надзор над постојан напредок
- Зајакнување на организациската издржливост и конкурентност

Ова поглавје ги спојува знаењето и способностите развиени преку ГринЛид програмата. Преку практична студија на случај на МСП, учесниците ги анализираат предизвиците во одржливоста, развиват План за зелена трансформација и предлагаат остварливи активности, индикатори, стратегии за вклучување на засегнати страни и можности за финансирање кои поддржуваат долгорочна бизнис стабилност.

**МОДУЛ 6**

### Проценка на одржливоста

01

Анализа на постоечкиот учинок на МСП од аспект на животна средина преку идентификување на пропусти во одржливоста, бизнис ризици и можности за подобрување во работата, ресурсите и управувањето.

**МОДУЛ 6**

### План за зелена трансформација

02

Развивање на практичен План за зелена трансформација со мерливи цели на одржливост, остварливи активности и приоритети во спроведувањето во согласност со политиката за одржливост на ЕУ и Целите за одржлив развој.

**МОДУЛ 6**

### Индикатори и вклучување на засегнати страни

03

Дефинирање на индикатори за надзор над напредокот и истражување можности како вработените, снабдувачите и потрошувачите можат да придонесат кон успешна транзиција кон одржливост.

**МОДУЛ 6**

### Финансирање и патека за спроведување

04

Идентификување на соодветни можности за финансирање, пренамена на ресурси и креирање на мапа на имплементација со планирани достигнувања на краток, среден и долг рок за постигнување на одржливост

**Успешна зелена транзиција зависи од практичното спроведување, постојан напредок и активно вклучување на луѓето преку органзиацијата.**

# МОДУЛ 6

## ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ

ИСТРАЖУВАЊА

**МСП заедно, спроведување на Европскиот зелен договор: Како да работи за МСП**
Овој документ со политики објаснува како Европскиот зелен договор може да стане практична можност за мали и средни претпријатија. Се сосредоточува на намалување на пречките, унапредување на механизмите за соработка и помош на МСП за да ги прилагодат критериумите за одржливост додека се конкурентни.

ПРИРАЧНИЦИ

**Глобален договор на ОН, акциски менаџер на Целите за одржлив развој**
Овој прирачни им помага на компаниите да го оценат својот придонес кон Целите за одржлив развој и да препознаат области за подобрување. Добро е за компаниите кои работат на План за зелена трансформација затоа што го зајакнува поставувањеот на цели, мерење на влијанието и стратешко носење на одлуки.

ВИДЕА

**Европски зелен договор: Постигнување на климатска неутралност**
Ова видео ги претставува главните цели на Европскиот зелен договор и објаснува како Европа планира да постигне климатска неутралност. Има корисна позадина за разбирање зошто МСП треба да интегрираат одржливост во својата работа, согласност со позитивните закони и долгорочна издржливост во бизнис стратегиите.

СТРАНИЦИ

**Европска комисија, Европски зелен договор**
Оваа официјална интернет страница обезбедува информации за стратегијата на ЕУ за неутралност, кружна економија, чиста енергија и одржлива индустрија. Тоа е главна точка за разбирање на контекстот на политики позади Планот за зелена трансформација баран во Модул 6.

**Структуиран План за зелена трансформација помага на МСП да ги пренасочат предизвиците за одржливоста во можности за иновација, издржливост и долгорочна конкурентност.**

# ЗАКЛУЧОК

Одржливоста е патување кое бара постојано учење, соработка и практична акција. Се надеваме дека овој прирачник ќе послужи како поддршка на МСП; стручно образование и други засегнати страни во претворање на нивното знаење во промена и забрзување кон позелена и поиздржлива иднина.

## Зајакнување на луѓето со знаење е првиот чекор кон градење на поиздржлива иднина.

### ОД УЧЕЊЕ ДО АКЦИЈА



**УЧИ** **АКЦИЈА** **ПОДОБРУВАЊЕ** **ТРАНСФОРМИРАЈ**

## ПОРАКА ЗА КРАЈ

**Секоја одржлива акција започнува со знаење.**
**Секоја успешна трансформација започнува со акција.**

### ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ ЗА ПРОЕКОТ ГРИНЛИД

**ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА ПРОЕКТОТ**

**ПЛАТФОРМА ЗА УЧЕЊЕ**

**ВИДЕО ВОДИЧ**